РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SË VERIUT
МЕЃУНАРОДЕН УНИВЕРЗИТЕТ ВО СТРУГА
UNIVERZITETI NDËRKOMBËTAR NË STRUGË
Бр.Nr 02-110/1
05.03. 20 24 г.v.
СТРУГА-STRUGË

Архивски знак
Shenja Arkivore 0205
Рок на чување
Afati i ruajtjes 3г.
05.03.24 г.v. Потпис/Nënshkrim

# ЗАПИСНИК

## ОД ПРВАТА СЕДНИЦА НА СОВЕТОТ ЗА КВАЛИТЕТ НА МЕЃУНАРОДНИОТ УНИВЕРЗИТЕТ ВО СТРУГА

Првата седница на Одборот за квалитет на Меѓународниот Универзитет во Струга, се одржа на 05.03.2024 во 13:00 часот, во просториите на Меѓународниот Универзитет во Струга.

На седницата присуствуваа членовите на Советот за квалитет на Меѓународниот Универзитет во Струга, кои беа избрани со одлука бр. 02-470/3 од 31.10.2023 година и тоа: Проф. д-р Назмије Мерко Забзун, Доц. Д-р Сенада Љачка, Доц. Д-р Гузимтар Рушани, М-р Фатљум Баута, м-р Семрах Бујари, м-р Дјелза Лена и Анди Арифи.

Откако беше констатирано дека на седницата присуствуваат сите членови на Советот, Претседателот на Советот го прочита следниот

## Дневен ред

1. Усвојување на записникот од претходната седница на Советот за квалитет.
2. Донесување на Деловник за работа на Советот за квалитет.

Предложениот дневен ред беше едногласно усвоен.

**Точка 1**

Претседателот на Советот за квалитет, Проф. д-р Назмије Мерко Забзун, истакна дека Записникот од претходната седница на Советот, заедно со материјалите за оваа седница, навремено беа доставени до членовите да се изјаснат дали имаат евентуални забелешки на предложениот Записник. Бидејќи немаше забелешки на Записникот, неговото усвојување беше ставено на гласање.

Записникот од конститутивната седница на Советот за квалитет беше едногласно усвоен од страна на членовите на истиот.

**Точка 2**

Во однос на втората точка членовите на Советот за квалитет истакна дека, за непречено одвивање на работата на Советот потребно е да се донесе Деловник за работа, со кој ќе се уредува начинот на работа на Советот за квалитет на Меѓународниот Универзитет во Струга. Изготвениот Деловник за работа беше разгледан од страна на членовите на Советот и едногласно беше усвоен.

**Записникот го водеше**

**М-р Дјелза Лена**

**Совет за квалитет на МУС**

**Претседател**

**Проф. д-р Назмије Мерко Забзун**